**У С Т А В Е Н С У Д**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# П Р Е Г Л Е Д
**за работата на Уставниот суд на Република Северна Македонија**
**за 2022 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

## СОДРЖИНА


**I. ВОВЕД** ........ 3

**II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИТЕ НА АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ** ........ 4

**II.1. Примени предмети** ........ 4

**II.2. Решени предмети** ........ 7

А. Решени предмети во кои биле оспорени закони или одредби од закони ........ 8

Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти ........ 8

В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права ........ 9

**II.3. Нерешени предмети** ........ 10

**II.4. Траење на постапката пред Уставниот суд** ........ 10

**III. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ** ........ 11

**IV. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО** ........ 14

**1. Интервентни одлуки на Судот** ........ 14

1.1. Одлуки за укинување на закони ........ 14

1.2. Одлуки за укинување на други прописи и општи акти ........ 15

**2. Решенија за неповедување на постапка** ........ 17

**3. Барања за заштита на слободи и права** ........ 23

**4. Издвоени мислења** ........ 26

**V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ** ........ 27

**1. Јавност во работата на Судот** ........ 27

А. Активна транспарентност на Судот ........ 27

Б. Активности за зголемување на транспарентноста на Уставниот суд ........ 27

**2. Преглед на новинарски известувања за Уставниот суд** ........ 35

**VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ........ 37

**VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ - СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ** ........ 42

**VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДОТ И СТРУЧНА СЛУЖБА** ........ 46

**IX. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА** ........ 48

## I. ВОВЕД

Уставниот суд на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2022 година заклучно со 31 декември 2022 година, во рамките на остварувањето на своите уставни надлежности, одржа 42 седници и 28 работни состаноци.

За првпат од донесувањето на Деловникот на Уставниот суд во 1992 година, функционирањето на Судот се остваруваше врз основа на Програмата и распоред за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2022 година којашто беше донесена на 21 јануари 2022 година, врз основа на член 89 алинеја 2 од Деловникот.

Со оваа програма и распоред беа утврдени целите кои требаше да ги оствари Уставниот суд во текот на 2022 година, а кои произлегуваат од неговата уставна улога, активностите кои требаше да се преземат за остварување на поставените цели и индикаторите за следењето на нивното исполнување, носителите на тие активности, временската рамка за спроведување на истите и на крајот, следењето и известувањето за остварувањето на поставените цели.

Сепак, она што мора да се нагласи е дека Судот, десет месеци од годината, функционираше на граница на кворум со пет судии од предвидените девет, што имаше значително влијание на ажурноста во одлучувањето и остварувањето на целите утврдени во Програмата и распоред за работа за 2022 година.

На 13 јануари 2022 година, престана мандатот на судијата Јован Јосифовски, додека мандатот на судијата Вангелина Маркудова престана на 7 декември 2022 година.

Собранието на Република Северна Македонија, на 28 октомври 2022 година, ги избра м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева и м-р Фатмир Скендер за судии на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИ НА АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ

Во периодот од 1 јануари 2022 заклучно со 31 декември 2022 година, Судот постапуваше по вкупно **279** предмети. Од нив, **137 предмети беа примени** во текот на 2022 година, а **142** беа пренесени како **незавршени** од претходните години. Од вкупниот број на предмети во работа во текот на годината беа **завршени 131 предмети**, а останаа **незавршени 149 предмети.**

### II.1. ПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Примени предмети според подносителите на иницијативите***

| ***Подносители на иницијативи*** | ***Број на предмети*** |
|---|---|
| Граѓани | 107 |
| Политички партии | 4 |
| Претпријатија и други организации и заедници | 6 |
| Органи на единиците на локална самоуправа | 5 |
| Здруженија на граѓани | 12 |
| Други органи | 3 |
| **ВКУПНО** | **137** |

**Подносители на иницијативи**



***Примени предмети според видот на оспорениот акт***

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Закони или одредби од закони | 69 |
| Статути или одредби од статути | 4 |
| Колективни договори или одредби од колективни договори | 9 |
| Прописи на Владата на РСМ и министерствата | 19 |
| Други акти на Собранието на Република Северна Македонија | 1 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 19 |
| Поединечни акти (заштита на слободи и права) | 7 |
| Акти на претпријатија | 1 |
| Акти на јавни служби | 1 |
| Акти на политички партии | / |
| Судир на надлежност | 1 |
| Други акти | 6 |
| **ВКУПНО** | **137** |



***Примени предмети според видот на надлежноста на Судот и според правната област на оспорениот акт***

| *Вид на надлежност на Уставниот суд* | *број на предмети* |
|---|---|
| **I. Оценка на уставност и законитост (по области)** | **137** |
| 1. Одбрана, безбедност и внатрешни работи | 6 |
| 2. Надворешни работи | / |
| 3. Финансии, даноци и други јавни давачки и надоместоци | 11 |
| 4. Стопанство | 8 |
| 5. Јавни претпријатија, јавни установи, институции што вршат јавни овластувања | 6 |
| 6. Организација и работа на органите на државната власт: (Собрание на Република Северна Македонија, Претседател на Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија и државна управа, правосуден систем (судови, Судски совет на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство, Државно правобранителство, адвокатура, нотаријат, извршители, медијатори) и Народен правобранител | 13 |
| 7. Избори, референдум, политички партии, здруженија на граѓани и фондации, јавни собири | 4 |
| 8. Верски права и слободи | / |
| 9. Права на странците | / |
| 10. Имотно-правни односи | 5 |
| 11. Урбанизам и градежништво | 21 |
| 12. Сообраќај и врски | 2 |
| 13. Животна средина | / |
| 14. Работни односи | 16 |
| 15. Пензиско и инвалидско осигурување | 3 |
| 16. Социјална и здравствена заштита | 12 |
| 17. Односи во бракот и семејството | / |
| 18. Образование, наука и култура | 4 |
| 19. Јавно информирање | 1 |
| 20. Локална самоуправа | 4 |
| 21. Комунални дејности | 1 |
| 22. Останато | 12 |
| **II. Барања за заштита на слободи и права** | **7** |
| **III. Судир на надлежност** | **1** |
| **IV. Одговорност на претседателот на Републиката** | **/** |
| **V. Одлучување за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓани** | **/** |
| **VI. Други надлежности на Уставниот суд** | **/** |

**ВКУПНО** **137**

## II.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

**Во текот на 2022 година беа решени вкупно 131 предмети од кои:**

- 51 предмет од 2022 година
- 59 предмети од 2021 година
- 18 предмети од 2020 година
- 2 предмети од 2019 година
- 1 предмет од 2017 година

***Решени предмети според видот на актот на Судот со кои е завршена постапката***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 8 |
| Одлука за поништување | / |
| Одлука за одбивање | 4 |
| Одлука за утврдување | / |
| Решение за неповедување постапка | 64 |
| Решение за отфрлање на иницијативата/барањето | 48 |
| Решение за запирање на постапката | 1 |
| Предмети завршени со припојување | 5 |
| Административно завршен | 1 |
| **ВКУПНО** | **131** |

**Вид на акт со кој е завршена постапката**



***А. Решени предмети во кои биле оспорени закони или одредби од закони:***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за укинување | 2 |
| Со одлука за поништување | / |
| Со решение за неповедување постапка | 38 |
| Со решение за отфрлање на иницијативата | 14 |
| Со решение за запирање на постапката | 1 |
| Предмети завршени со припојување | 3 |
| **ВКУПНО** | **58** |

**Вид на акт со кој е завршена постапката**




***Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти:***

| ***Вид на оспорен акт*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Статути | 4 |
| Колективни договори | 10 |
| Правилници | 6 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 20 |
| Одлуки | 12 |
| Други акти (деловници, уредби, упатства, решенија, етички кодекс, услови и сл.) | 12 |
| **ВКУПНО** | **64** |

| ***Начин на кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за укинување | 6 |
| Со одлука за поништување | / |
| Со решение за неповедување постапка | 26 |
| Со решение за отфрлање на иницијативата | 30 |
| Предмети завршени со припојување | 2 |
| **ВКУПНО** | **64** |

**Вид на актот со кој е завршена постапката**




### *В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права:*

| ***Начин на кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за утврдување | / |
| Со одлука за одбивање | 4 |
| Со решение за отфрлање на барањето | 4 |
| Административно завршен поради повлекување на барањето | 1 |
| **ВКУПНО** | **9** |

| ***Заштита на слободи и права кои се однесуваат на:*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата | 2 |
| Забрана на дискриминација (национална, социјална и политичка припадност) | 7 |
| **ВКУПНО** | **9** |

## II.3. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Вкупниот број на нерешени предмети, заклучно со 31.12.2022 година е 149.***

| **Година** | **Вкупен број на нерешени предмети** | Апстрактна контрола | Барања за заштита на слободи и права |
|---|---|---|---|
| 2017 | 1 | 1 | / |
| 2018 | 1 | 1 | / |
| 2019 | 22 | 20[1] | 2 |
| 2020 | 19 | 15 | 4 |
| 2021 | 20 | 17 | 3 |
| 2022 | 86 | 82 | 4 |
| **Вкупно** | **149** | **136** | **13** |

Од вкупниот број на нерешени предмети, 103 се во претходна постапка, додека останатите се нерешени поради недобиено мнозинство, одложени или во фаза на поведена постапка за оценување уставност, односно уставност и законитост.

## II.4. ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

Просечно траење на постапка по предмети за кои се донесени конечни акти на Уставниот суд (одлуки или решенија), сметано од денот на поднесување на иницијативата, барањето или предлогот, па сè до окончувањето на постапката:

| **Примени предмети** | **Вкупен просек** | **Апстрактна контрола** | **Слободи и права** | **Одлуки** | **Најкраток период** | **Најдолг период** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2022** | 4 месеци | 4 месеци | 2 и пол месеци | 4 месеци | 27 дена | 10 месеци и 20 дена |
| **2021** | 7 месеци | 7 месеци | 7 месеци | 6 месеци | 1 месец и 20 дена | 20 месеци и 24 дена |
| **2020** | 6 месеци | 7 месеци | 5 месеци | 10 месеци | 13 дена | 32 месеци |
| **2019** | 9 месеци | 9 месеци | 10 и пол месеци | 12 месеци | 27 дена | 38 месеци |
| **2018** | 7 и пол месеци | 7 месеци | 8 и пол месеци | 8 и пол месеци | 1 месец | 36 месеци (3 години) |

[1] Од вкупниот број на нерешени предмети од 2019 година коишто се однесуваат на апстрактна контрола на нормативни акти, во 5 предмети е оспорен Законот за ратификација на т.н. Преспански договор, во 13 предмети е оспорен Законот за употреба на јазиците и во два предмети е оспорена Одлуката за прогласување на Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII до XXXVI на Уставот.

## III. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Анализата на вкупните податоци покажува дека вкупниот број на примени предмети во текот на 2022 година – 137, споредено со минатата 2021 година кога биле примени 148 предмети е намален, односно примени се 11 предмети помалку (намален за околу 8 %).

Бројот на примени предмети во 2022 година е намален за: 58% во однос на примените предмети во 2020 година (324 предмети) кога има значителен број на поднесени иницијативи за оспорување на уредбите со законска сила донесени за време на траењето на вонредната состојба, 18,5% во однос на примените предмети во 2019 година (167) и еднаков со бројот на примени предмети во 2018 година.

Во текот на 2022 година, од вкупно 137 **примени предмети**, 69 предмети се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот (50,4 %), 60 предмети се однесуваат на оценка на уставноста и законитоста на други прописи и акти (43,8 %), еден предмет се однесува на решавање на судир на надлежност (0,7 %) и поднесени се 7 барања за заштита на слободи и права (5,1 %).

За разлика од претходната 2021 година кога бројот на примени предмети коишто се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот бил 68, во 2022 година овој број е зголемен на 69, намален е и бројот на примени предмети коишто се однесуваат на оценката на согласноста на законите со Уставот за околу 12 % (60) споредбено со 2021 година кога биле примени 68 предмети и намален е бројот на примените барања за заштита на слободи и права во 2022 година (7) за околу 42 % споредбено со 2021 година кога биле примени 12 барања за заштита на слободите и правата.

Од вкупниот број на **решени предмети** во 2022 година – 131, во поголем дел беа оспорени прописи и други општи акти – 64 (48,9 %), во 58 предмети беа оспорени закони или одделни законски одредби (44,2 %), 9 предмети беа барања за заштита на слободи и права (6,9 %) од вкупниот број решени предмети.

Судот ја оценуваше уставноста на вкупно 53 закони или одделни законски одредби од кои најчесто предмет на оспорување беа: Законот за работните односи којшто беше оспорен во 6 предмети, Законот за административни службеници во 5 предмети и Законот за стечај во 3 предмети.

***Табеларен приказ на вкупно примени и решени предмети пред Уставниот суд во периодот од 2018 -2022 година***

| Година | Примени предмети | Решени предмети |
|---|---|---|
| **2018** | 137 | 211 |
| **2019** | 167 | 114 |
| **2020** | 324 | 278 |
| **2021** | 148 | 174 |
| **2022** | 137 | 131 |
| **Вкупно** | **913** | **908** |

Од приложената статистика за пет години, **бројот на примени предмети** во 2021 година, овој број во 2022 година е за 7,4 % намален, за 57,7 % намален во однос на примените предмети во 2020 година, за 18 % намален во однос на примените предмети во 2019 година и идентичен со бројот на примени предмети во 2018 година.

Во однос на **решените предмети**, во 2022 година овој број е за 24,7 % намален во однос на 2021 година, за околу 53 % намален во однос на 2020 година, за околу 13 % зголемен во однос на решените предмети во 2019 година и за околу 38 % намален во однос на предметите решени во 2018 година. За статистиката од 2022 година треба да се земат предвид и предметите кои останаа нерешени поради намалениот број на судии, односно 46 предмети.

Во текот на 2022 година Уставниот суд донесе вкупно 8 укинувачки одлуки што е намалување во однос на 2021 година кога биле донесени 9 укинувачки одлуки, а намалување за околу 60 % во однос на 2020 година кога биле донесени 20 одлуки (укинувачки/поништувачки), а идентично во однос на 2019 година кога, исто така, биле донесени 8 одлуки.

***Табеларен приказ на одлуки:***

| Година | Одлуки | | | Закони | Други прописи и акти |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Укинувачки | Поништувачки | | |
| 2022 | **8** | 8 | / | 2 | 6 |
| 2021 | **9** | 9 | / | 5 | 4 |
| 2020 | **20** | 10 | 10 | 3 | 17 |
| 2019 | **8** | 8 | / | 3 | 5 |
| 2018 | **54** | 32 | 22 | 22 | 32 |

Бројот на донесени **решенија за неповедување на постапка** – 64 е намален за 21% во однос на 2021 година кога биле донесени 81 решенија за неповедување на постапка, а намален за 55 % во однос на 2020 година кога биле донесени 143 решенија за неповедување на постапка, за зголемен за 37,5 % во однос на 2019 година кога биле донесени 40 решенија. Бројот на решенија за неповедување на постапка е скоро идентичен со 2018 година кога биле донесени 63 решенија, а зголемен за 26,5 % во однос на 2017 година кога биле донесени 47 решенија.

Бројот на донесени **решенија за отфрлање на иницијативите** во 2022 година – 44 е намален во однос на 2021 година кога биле донесени 74 решенија, со 2020 година – 89, со 2018 година – 83, со 2019 година кога изнесувал 60 и во однос на 2017 година кога биле донесени 63 решенија за отфрлање на иницијативите.

***Барања за заштита на човекови слободи и права***

Во текот на 2022 година до Судот беа поднесени 7 барања за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што претставува намалување во однос на 2021 година кога биле поднесени 12 барања, како и во однос на 2020 година кога биле поднесени 18 барања, 2019 година кога биле поднесени 19 барања и во однос на 2018 година кога биле поднесени 11 барања, а зголемување во однос во 2017 година кога биле поднесени 5 барања.

Од вкупниот број решени предмети за заштита на човековите слободи и права (9), Судот донесе четири (4) одлуки со кои беа одбиени барањата на подносителите, 4 решенија со кои беа отфрлени барањата за заштита на човековите слободи и права и едно барање беше решено по административен пат поради повлекување на барањето од страна на подносителот.

| Година | Број на примени барања | Број на решени барања |
|---|---|---|
| **2022** | 7 | 9 |
| **2021** | 12 | 14 |
| **2020** | 18 | 16 |
| **2019** | 19 | 8 |
| **2018** | 11 | 9 |
| **Вкупно** | **67** | **56** |

***Табеларен приказ на начинот на кој е завршена постапката по барањата за заштита на човековите слободи и права пред Уставниот суд, во периодот од 2018 -2022 година***

| Година | Решени | Одлуки | | Решенија | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | се одбива | се утврдува | се отфрла барањето | Административно решени |
| **2018** | 9 | 1 | 1 | 7 | / |
| **2019** | 8 | 1 | 1 | 6 | / |
| **2020** | 16 | 5 | 1 | 10 | / |
| **2021** | 14 | 1 | / | 13 | / |
| **2022** | 9 | 4 | / | 4 | 1 |
| **Вкупно** | **56** | **12** | **3** | **40** | **1** |

Од анализата на статистичките податоци за начинот на кој е завршена постапката по поднесените барања за заштита на човековите слободи и права, од 2022 година со споредбените пет години претходно од 2018 до 2022 година, од вкупниот број на решени предмети по барањата за заштита на човековите слободи и права, во најголем дел барањата беа отфрлени.

## IV. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО

### 1. ИНТЕРВЕНТНИ ОДЛУКИ НА СУДОТ[2]

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2022 година, како што е веќе истакнато, Судот со одлука за укинување на закони и други прописи заврши вкупно **8 предмети**.

### 1.1. Одлуки за укинување на закони

Судот интервенираше во повеќе **закони** од различни области и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.148/2021 и У.бр.15/2022 од 13 јули 2022 година, го укина член 12 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/2021).

> СЕНТЕНЦА: *Уредувањето на прашањето на работното време, утврдено во член 12 од Законот, според кој работното време на работникот, во текот на целиот циклус на проектот може да биде во просек 60 часа неделно во текот на годината, не е во согласност со член 32 став 4 од Уставот, а со тоа и со владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Републиката, утврдена со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот. Судот оцени дека употребената правна формулација: „во просек 60 часа неделно во текот на годината“ во ставот 1 на членот 12, е непрецизна и остава простор за арбитрарност од страна на работодавачот и отвора начин преку кој може во текот на една година да се воведе и подолго време, при што со ваквото нормирање од гледна точка на оваа темелна вредност, се загрозува правната сигурност.*

**2.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.27/2020 и У.бр.289/2020 од 1 декември 2022 година, го укина член 44 став 2 во делот „најдоцна до 65 годишна возраст” од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” број 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020 и 163/2021).

> СЕНТЕНЦА: *Ограничувањата на пристапот до правата од социјалната заштита по основ на возраста, претставува повреда на принципот на еднакво постапување од член 9 на Уставот.*

---

[2] Во овој дел на прегледот се дадени сентенци од сите интервентни (укинувачки) одлуки, кои се однесуваат и на законите и на подзаконските акти, донесени во текот на 2022 година, при што редоследот е хронолошки, односно според времето на донесувањето на одлуката.

## 1.2. Одлуки за укинување на други прописи и општи акти

Судот во текот на 2022 година интервенираше во повеќе **подзаконски акти** и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.272/2020 од 26 јануари 2022 година, ја укина Одлуката за продолжување на функционирањето на објектите од времен карактер на територијата на Општина Велес, во кои се врши трговска или друга услужна дејност, до обезбедување на соодветни услови за работа, бр.25-2752/18 („Службен гласник на Општина Велес“ бр.11/2020), донесена од Советот на Општина Велес, на седницата одржана на 29 јули 2020 година.

СЕНТЕНЦА: *Оспорената одлука не е во согласност со принципот на владеење на правото и начелото на уставност и законитост утврдени со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот, како и со член 20 од Законот за локалната самоуправа. Ова од причина што Одлуката на Советот на Општина Велес содржи нејасни и непрецизни одредби, донесена е надвор од овластувањата со закон и со истата се уредени прашања за кои Советот воопшто немал ниту надлежност, ниту пак е предмет на уредување на законите со кои се регулира материја како од областа на локалната самоуправа, така и од областа на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште.*

**2.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.35/2021 од 2 јануари 2022 година, ја укина Одлуката бр.09-1484/7 од 03.03.2017 година за донесување на Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош-Скопје („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/ 2017), донесена од Советот на Општина Карпош.

СЕНТЕНЦА: *Со Одлуката за детално урбанистичко планирање Советот на Општината ги повредува член 8 став 1 алинеи 3 и 10 од Уставот на Република Северна Македонија, член 15-в од Законот за просторно и урбанистичко планирање и член 65 од Законот за животната средина во ситуација кога во постапката за планирање нема да ја објави на веб-страната одлуката за спроведување или одлуката за неспроведување на стратегиска оцена за влијание на животната средина во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето на стратегиската оцена.*

**3.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.36/2021 од 9 февруари 2022 година, ја укина Одлуката за изменување и дополнување на Урбанистичкиот план вон населено место Ски центар Водно–Блок 3, Општина Карпош, број 08-1483/4 од 20.02.2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2015).

СЕНТЕНЦА: *Необјавувањето на веб-страната на општината на одлуките за неспроведување, односно за спроведување на стратегиска оцена за влијанието на планскиот документ врз животната средина, и покрај јасната законска обврска за истото во пропишаната постапка за изработка и донесување на урбанистички планови, не е во согласност со одредбите на Уставот, Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за животната средина.*

**4.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.109/2021 од 2 март 2022 година, ги укина член 75 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, бр.08-1090/8 од 24.04.2015 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.4 од 28.04.2015 година) и член 8 од Одлуката за измена на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, бр.8-1188/7 од 30.06.2020 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5 од 30.06.2020 година), донесени од Советот на Општина Ѓорче Петров.

СЕНТЕНЦА: *При состојба кога единиците на локалната самоуправа имаат со закон пренесени овластувања за доуредување на условите за чување на животни и домашни миленици исклучиво по однос на дворните места, но не и по однос на бројот на домашните миленици кои можат да бидат чувани во едно семејно домаќинство, начинот на нивното движење надвор од дворните места, барањето на посебно одобрение за чување на миленик од куќниот совет или пак за забраната за чување на куче кое постојано лае и завива, оспорената одлука на советот на општината не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок владеење на правото и начелото на уставност и законитост. Воедно постои и повреда на член 12 став 3 алинеја 8 од Законот за комунални дејности и член 21 став 2 и член 22 став 1 од Законот за локалната самоуправа.*

**5.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.26/2022 од 13 јули 2022 година, го укина член 3 став 1 во делот „брачниот статус на сопружниците“ од Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во 2022 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2021) донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров.

СЕНТЕНЦА: *Со законското нормирање барателот, меѓу другото, кон барањето за добивање на паричната помош, да го достави документот за брачниот статус на сопружниците на новороденото дете, се повредуваат уставно утврдените права и слободи загарантирани со Уставот и законските определби дека грижата и заштитата на правата на детето не може да биде условена со поделба по дискриминаторска основа во врска со брачната состојба на родителите на новороденото дете.*

**6.** Уставниот суд со Одлуката У.бр.21/2020 од 23 ноември 2022 година го укина Решението УП.1 бр.11-44 од 16.05.2018 година, донесено од градоначалникот на Општина Дојран, со кое се одобрува локална урбанистичка планска документација за дел К.П. бр.1073 и др. за К.О. Сретеново, Општина Дојран, изработена од ДГПТУ „СТАН АРТ“ ДООЕЛ Куманово, со тех.бр.26.01.12/17 од април 2018 година, кој опфат опфаќа простор од 4309,00 m².

СЕНТЕНЦА: *Поради утврдените пропусти во спроведената постапка за донесување на оспореното Решение, односно неприбавена согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање, како и недоставување на доказ за објавување на веб-страната на Општината на одлуката за неспроведување на стратегиска оцена за влијание на животната средина, Судот оцени дека оспореното решение не е во согласност со уставните начела на владеење на правото, унапредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и начелото на уставност и законитост. Судот, исто така, оцени дека оспореното решение не е во согласност со член 65 од Законот за животната средина, а во врска со член 28 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, како и со член 16 став 4 од Законот за заштита на природата и член 10 став 3 од Законот за прогласување на Дојранското Езеро за споменик на природата.*

## 2. РЕШЕНИЈА ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

Во текот на 2022 година Уставниот суд со решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на закони, односно уставноста и законитоста на подзаконски акти заврши **64 предмети**.

Од овие предмети, како покарактеристични ги издвојуваме следниве:

**1.** Уставниот суд со Решението У.бр.117/2021 од 9 февруари 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 43 став 3 во делот „или за гласање во советот“ од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002).

СЕНТЕНЦА: *Неосновани се наводите во иницијативата со кои се негира правото утврдено со закон дека при гласање во советот за членот на советот постои законски пропишан имунитет бидејќи тој имунитет не бил уставно предвиден за нив. Со Уставот директно е изразена самостојноста на локалната самоуправа под надзор над законитоста на нејзината работа од страна на Републиката, при што советниците по свое уверување како претставници избрани од граѓаните одлучуваат за прашања од надлежност на локалната самоуправа, во услови на права и обврски пропишани со закон, а за таа цел законодавецот дозволил функционален имунитет без страв од одговорност за искажано мислење или за гласање во советот, што не е во спротивност со Уставот.*

**2**. Уставниот суд со Решението У.бр.136/2021 од 9 март 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 102 став 1 точка д), точка ж) во делот „кое има тешко хронично заболување” и точка з) од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија” број 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 53/2021).

СЕНТЕНЦА: *Посвојувањето е мерка која се презема за заштита на детето и има за цел на детето да му обезбеди семејство, а не дете за семејството, и не подразбира дека државата во секој случај треба да дозволи посвојување на дете, туку само во случај доколку се оцени дека тоа е во најдобар интерес на детето.*

**3.** Уставниот суд со Решението У.бр.19/2022 и У.бр.39/2022 од 13 јули 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/2021).

СЕНТЕНЦА: *Оспореното законско решение не може да се доведе под сомнение по однос на член 32 од Уставот, на кој се упатува во иницијативата, од причина што законодавецот ги ставил во еднаква правна положба граѓаните при одредување на границата за прекин на договорот за работа поради возраст на работникот, дотолку повеќе што ставот 5 од истиот член од Уставот, упатува на примена на закон и колективни договори заради остварување на правата на вработените.*

**4.** Уставниот суд со Решение У.бр.93/2021 од 23 ноември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 40 ставови 3, 4 и 6 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 153/2015, 192/2015 и 30/2016).

СЕНТЕНЦА: *Кога Комисијата за ревизија решава за односите нормирани во оспорените одредби од член 40 ставови 3, 4 и 6 од Законот за процена, има доволна правна рамка во Законот за вршењето на своите надлежности што дава правна сигурност во владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што оспорените одредби од Законот, се прецизни и јасни и истите не се уставно-правно спорни.*

**5.** Уставниот суд со Решението У.бр.116/2021 од 23 ноември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 136 став 7 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/2019 и 178/2021).

СЕНТЕНЦА: *Уредувањето дека на високообразовните установи кои изведуваат студиски програми од трет циклус на универзитетски - докторски студии, ментор на докторскиот труд може да биде редовен или вонреден професор од соодветната научна област кој е вработен на високо-образовната установа, редовен или вонреден професор чиј работен однос е во мирување или редовен професор во пензија, кој бил во работен однос на високообразовната установа, не е во спротивност со член 9 и член 47 од Уставот на Република Северна Македонија.*

**6.** Уставниот суд со Решението У.бр.53/2021 од 1 декември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 244-а став 1 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014-исправка, 41/2014-исправка, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018).

СЕНТЕНЦА: *Не може да се постави прашањето за согласноста на оспорениот член 244-а став 1 од Кривичниот законик со принципот на еднакво постапување од член 9 од Уставот од причини што одредбата се однесува подеднакво за сите граѓани, независно од статусот на кој му припаѓаат или некое нивно лично својство, што значи, секој во чии дејствија се содржани елементите од пропишаното кривично дело - бесправно градење, подлежи на санкција.*

**7.** Уставниот суд со Решението У.бр.4/2022 од 1 декември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.288/2021).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорените законски одредби не се задира во слободата на пазарот и претприемништвото и во начелото на еднаква правна положба на субјектите на пазарот кон државата, а во однос на наведените исклучоци за ослободување од забраната за работа во недела и празници, законодавецот пропишал полиберален режим за одредени дејности, без монополски позиции кои би можеле да ги нарушат останатите сегменти на економијата, а со цел со исклучоците да продолжат на рационално и ефикасно ниво тековните активности. Имено, законодавецот проценил дека одредени дејности имаат економско оправдување, но се внимава да нема штета на пазарот и конкуренцијата во пазарното работење во општествено-економски систем во државата. Ова прашање за пристапот на законодавецот да пропишува исклучоци од општото правило за недела и празници како неработни денови во Републиката, е прашање во доменот на законодавната политика за креирање на тој облик на законски решенија. Со оспорените одредби на Законот за изменување и дополнување*

*на Законот за работните односи, се пропишува поволно законско решение од битно влијание врз материјалната и социјалната положба во остварувањето на правата на работниците, како во однос на остварувањето на неработен ден во неделата и примање на надоместок на плата за работа во недела и на празници, со што се заштитуваат и промовираат правата и интересите на работниците, како од аспект на одмор во неработен ден, така и за надоместок на плата за работа во недела и празници.*

**8.** Уставниот суд со Решението У.бр.128/2019 од 1 декември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 174 ставови 8 и 9 и член 176 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/2021).

СЕНТЕНЦА: *Доколку лицето кое е избрано во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања, биде избрано на државна или јавна функција и таа функција ја врши како примарна активност, а надвор од ангажираноста на функцијата врши високообразовна дејност, таа активност не претставува вршење на високообразовна дејност како професија, туку претставува дополнително ангажирање засновано на закон, поради што оспорените членови од Законот за високото образование не се во несогласност со член 89 став 5 од Уставот.*

**9.** Уставниот суд со Решение У.бр.302/2020 од 7 декември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 30 став 2 точка 9 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2018) и член 119 став 1 точка 9 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.191/2019).

СЕНТЕНЦА: *Со оспорениот член од Законот за енергетика точно е предвидено што треба да содржат Мрежните правила, при што е допуштено со правилата да се уредат и други прашања во врска со дистрибуција на електрична енергија, поради што оспорените членови од Мрежните правила се во согласност со уставниот принцип на владеење на правото. Со Законот за енергетика се предвидува дека освен прашањата што законодавецот децидно ги наведува во член 30 од Законот за енергетика, што особено треба да ги содржат Мрежните правила, допуштено е и дополнително уредување на прашања што се однесуваат на дистрибуцијата на електрична енергија, што значи освен наведените прашања дозволено е и уредување и на други прашања во врска со дистрибуција на електрична енергија, поради што оспорените членови од Мрежните правила се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.*

**10.** Уставниот суд со Решението У.бр.145/2021 од 20 декември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 10 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.287/ 2021).

СЕНТЕНЦА: *Законодавецот прави разлика помеѓу административниот службеник кој правото на плата го остварува врз основа на Законот за административни службеници, како и оние кои правото на плата го остваруваат врз основа на услови и критериуми од други посебни закони, што значи дека е неопходно постоење на двата услови за примена на оспорениот член и на другите вработени во буџетските корисници од централната власт во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА. Ваквата дистинкција потенцирана во оспорениот член од Законот, упатува на постоење на различна правна состојба во која се наоѓаат вработените поради што и не може да се прифати тврдењето во иницијативата дека оспорената одредба има дискриминациски карактер.*

**11.** Уставниот суд со Решението У.бр.108/2021 од 2 март 2022 не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за усвојување на конечниот Предлог-детален урбанистички план – урбана единица “В”–блок 8–Општина Гостивар, број 08-2101/1 од 25.12.2020 година („Службен гласник на Општина Гостивар” бр.11 од 25.12.2020 година).

СЕНТЕНЦА: *Во конкретниот случај Општина Гостивар ги испочитувала сите фази на постапката за донесување на Детален урбанистички план како што предвидува Законот за просторно и урбанистичко планирање кој важел во време на донесување на истиот, а за што Уставниот суд по службена должност внимава и ја цени постапката за донесување на планот. Оттука, не може да се прифати тврдењето во иницијативата дека со оспорената одлука се повредувале темелните вредности на уставниот поредок кои се предвидени во член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 10 од Уставот. Имено, Советот на Општина Гостивар во постапка предвидена со Законот за просторно и урбанистичко планирање ја донел сега оспорената одлука и ја исполнил својата законска обврска да го уредува просторот и да врши урбанистичко планирање.*

**12.** Уставниот суд со Решението У.бр.76/2022 од 9 ноември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стапката на данок на имот број 07-3165/26 од 29.12.2008 година, донесена од Советот на Општина Охрид, на седницата одржана на 29.12.2008 година, објавена во „Службен гласник на Општина Охрид” број 10 од 30.12.2008 година.

СЕНТЕНЦА: *Советот на Општина Охрид ги следел законски пропишаните рамки од член 6 став 1 од Законот за даноците на имот при утврдувањето на висината на данокот на имот со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стапката на данок на имот број 07-3165/26 од 29.12.2008 година, поради што не може да се постави прашањето за нејзината уставност и законитост.*

**13**. Уставниот суд со Решението У.бр.78/2022 од 23 ноември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 219 став 2 од Колективниот договор на МВР („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.149/2021).

СЕНТЕНЦА: *Поради прекин на постапката не може да дојде до истек на рокот за донесување на решение за изрекување на дисциплинска мерка, бидејќи и тој рок престанува да тече во случај на прекин на постапката, поради што Судот ги оцени како неосновани наводите на подносителот на иницијативата за несогласност на член 219 став 2 од Колективниот договор на МВР со член 196 став 3 од Законот за внатрешни работи. Фактот што со одредба во подзаконски акт – Колективен договор се во целост преземени одредби од Законот, не може да го доведат во прашање уставното начело на владеење на правото гарантирано во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот коешто бара постоење на јасни и прецизни норми и внатрешна усогласеност на правните норми во нивната хиерархија, односно почитување на принципот на законитост од член 51 од Уставот.*

**14.** Уставниот суд со Решението У.бр.78/2021 од 23 ноември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на точките 3 и 4 од Одлуката за висината на надоместокот на пратениците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина („Службен весник на Република Македонија” бр.106/2006, 143/2007 и 161/2018).

СЕНТЕНЦА: *Судот оцени дека неосновани се наводите во иницијативата дека со оспорената одлука се повредува принципот на владеење на правото утврден со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како и член 51, член 61 став 2 и член 68 став 2 од Уставот. Имено, Судот оцени дека Комисијата има уставна и деловничка надлежност за донесување на оспорената одлука од причина што делокругот на Комисијата се утврдува со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија, а не произлегува од називот на Комисијата.*
*Со оглед дека се работи за возила кои се користат за службени цели на орган на државната власт, трошоците за исплатените патарини претставуваат трошок на органот за чии потреби е извршено патувањето. Оттука, не може да се прифати тврдењето во иницијативата дека со точките 3 и 4 од оспорената одлука изворно се утврдува одредено право за*

*пратениците, следствено на кое Судот оцени дека во конкретниот случај со оспорениот акт не се повредуваат уставните норми на кои се упатува во иницијативата.*

**15.** Уставниот суд со Решението У.бр.266/2020 од 1 декември 2022 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на делот „Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политичките прашања на ресорите“ во насловот на глава II и членовите 5 и 6 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/2001, 98/2002, 9/2003, 47/2003, 64/2003, 67/2003, 51/2006, 5/2007, 15/2007, 26/2007, 30/2007,58/2007, 105/2007, 116/2007, 129/2007, 157/2007,26/2007, 30/2007, 58/2007, 105/2007, 116/ 2007, 29/2007, 157/2007, 29/2008, 51/2008, 86/2008, 144/2008, 42/2009, 62/2009, 41/2009, 162/2009, 40/2010, 166/2010, 172/2010,95/2011, 151/ 2011, 70/2011, 67/2013, 145/2014, 62/2015, 41/2016, 153/2016 и 113/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.228/2019, 72/2020 и 215/2020).

СЕНТЕНЦА: *Овластувањето на Владата да донесе Деловник за работа со кој поблиску ќе се утврди внатрешната организација, начинот на работа и други прашања од значење за работата на Владата е во функција на поблиско уредување на прашања од организационен и процедурален карактер во функција на подобро организирање на работата на Владата, а со тоа и зголемување на ефикасноста на работењето на Владата на кој начин не се доведуваат во прашање уставната и законска поставеност на Владата во правниот поредок.*

## 3. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИ И ПРАВА

Во текот на 2022 година, до Судот беа поднесени вкупно **7 барања** за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од поднесените барања за заштита на слободи и права во текот на 2022 година, најголем број се однесуваат на заштита од дискриминација (по основ на социјална, национална припадност што ја подразбира и етничката припадност и политичка припадност), а останатите се однесуваат на заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување.

Судот, во текот на 2022 година, реши **9 предмети** за заштита на слободите и правата (од кои 3 (три) се примени во 2022 година, 4 (четири) во 2021 година, 1 (едно) во 2020 година и 1 (едно) во 2019 година).

Решените барања за заштита на слободите и правата се однесуваат на заштита од дискриминација врз основа на: социјална припадност, политичка припадност, пол, раса, верска и национална припадност; заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, уверувањето и политичкото здружување и дејствување и заштита на сопственоста.

Од вкупниот број решени барања за заштита на слободите и правата, Судот донесе **4 (четири) одлуки** со кои се одби барањето, **4 (четири)**

**решенија** со кои беа отфрлени барањата поради постоење процесни пречки за одлучување или поради ненадлежност и **едно барање беше решено по административен пат** поради повлекување на барањето од страна на подносителот.

**1.** По предметот **У.бр.141/2019 од 2 февруари 2022 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на национална припадност и правото на слобода на уверување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

> СЕНТЕНЦА: *Судот го отфрли барањето за заштита на слободите и правата согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд од причина што не постојат процесни претпоставки за постапување на Уставниот суд по барањето. Имено, дејствијата на кои се повикува подносителката на барањето, а што ги преземаат државните органи во вршењето на нивните надлежности, како што во конкретниот случај законодавниот дом пристапува кон измени на Уставот или при преземање на дејствија за донесување на закони, се однесуваат на неопределен број на субјекти во правото и тие имаат дејство erga omnes и не претставуваат поединечни дејствија.*

**2.** По предметот **У.бр.142/2021 од 9 март 2022 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на слободата на уверување, забрана на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност и правото на сопственост, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

> СЕНТЕНЦА: *Судот го отфрли барањето поради ненадлежност и поради постоење процесни пречки за одлучување, од причина што во конкретниот случај Судот утврди дека за заштита на правото на сопственост Уставниот суд е ненадлежен да одлучува и барањето не е поднесено во рок од 2 месеци од доставувањето на оспорениот акт.*

**3.** По предметот **У.бр.134/2021 од 23 март 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на социјалната припадност, односно општествена положба во поглед на професионалниот статус, како и по основ на политичката припадност, односно политичко уверување, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

> СЕНТЕНЦА: *Судот го отфрли барањето поради постоење на процесни пречки согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд, од причина што во конкретниот случај постапката пред редовните судови сè уште не е завршена и недостасува еден од основните елементи предвидени во член 51 од Деловникот - постоење на правосилен акт за да може Судот да ја цени основаноста на поднесеното барање.*

**4.** По предметот **У.бр.14/2022 од 20 април 2022 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност, односно имотна и општествена положба, во поглед на личен статус и во поглед на статус на сведок во судска постапка, како и по основ на политичка припадност, односно политичко уверување, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: *Обвинителниот акт не претставува конечен или правосилен поединечен акт со кој се одлучува за слободи и права, односно со кој се одземаат или ограничуваат одредени слободи и права, поради што Судот утврди дека во конкретниот случај не се исполнети процесните претпоставки за мериторно постапување и одлучување по предметното барање за заштита на слободите и правата.*

**5.** По предметот **У.бр.63/2022 од 19 октомври 2022 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност, Судот донесе Одлука со која го **одби барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: *Од посочените акти не произлегува одлучување на судските органи со кои на подносителите им се попречува здружување преку регистрација на политичка партија заради политичко дејствување во општеството, ниту им се забранува истапување од членство на политичка партија, ниту каква било забрана за политичко дејствување, ниту од посочените акти произлегува некакво санкционирање заради изразено мислење како начин на ограничување на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, туку напротив тие се во функција на обезбедување на тоа право за граѓаните со цел да можат да ги практикуваат тие слободи и права, Судот во конкретниот случај, не утврди вмешување на органите на јавната власт во слободите и правата за граѓаните од сферата на политиката, како што се наведува во барањето.*

**6.** По предметот **У.бр.30/2021 од 16 ноември 2022 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, Судот донесе Одлука со која го **одби барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: *Вршењето на адвокатската професија ја вклучува и слободата на изразувањето, меѓутоа кога професијата се врши непосредно во судница, важат процесни правила, чие непочитување подлежи на санкција предвидена со погоре наведениот член од Законот. Во таа смисла правото на секој слободно да се изразува, не ги ослободува од одговорност вршителите на адвокатска професија за повреда на тие правила.*

**7.** По предметот **У.бр.66/2021 од 7 декември 2022 година** Судот донесе Одлука со која го **одби барањето** на подносителот на барањето за заштита на слободите и правата што се однесуваат на заштита од дискриминација на граѓаните врз основа на пол и Решение со кое **го отфрли барањето** во делот на заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот коишто се однесуваат на заштита на правото на еднаквост, гарантирано со член 9 од Уставот, а во врска со остварувањето на правото гарантирано со член 13 и член 40 од Уставот и член 6 став 2 и член 8 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права.

**8.** По предметот **У.бр.52/2020 од 20 декември 2022 година,** Судот донесе Одлука со која го **одби барањето** за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните врз основа на националното потекло кое ја подразбира и етничката припадност.

> СЕНТЕНЦА: *Судот утврди дека со пресудите на Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје во постапка во која е оценувано тужбеното барање на подносителот за утврдување постоење на дискриминаторско однесување од страна на полициските службеници при нивното постапување, не е сторена повреда на уставната забрана за дискриминација на граѓаните по основ на национална припадност од член 110 алинеја 3 од Уставот. Уставниот суд смета дека при водењето на постапката, судовите ги зеле предвид релевантните законски одредби, а причините за одлучување изложени во пресудата се резултат на изведените докази и фактите утврдени во случајот, а не резултат на дискриминаторски однос по основ на националната припадност на подносителот на барањето. Во однос, пак, на наводите во барањето за погрешно утврдена фактичка состојба и погрешно применето материјално право, Уставниот суд не е надлежен да оценува дали е правилно утврдена фактичката состојба или правилно применето материјалното право, за што надлежен е инстанционо повисокиот суд во законски пропишана постапка за контрола на законитоста на одлуките на пониските судови.*

## 4. ИЗДВОЕНИ МИСЛЕЊА

Во текот на 2022 година во однос на донесени одлуки и решенија на Судот, согласно членот 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд, беа издвоени и писмено образложени седум издвоени мислења на судии и тоа во предметите: У.бр.93/2021, У.бр.78/2021, У.бр.4/2022, У.бр.266/2020, У.бр.135/2021, У.бр.8/2022 и У.бр.128/2019.

## V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

### 1. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

Уставниот суд ја информира јавноста за сите активности во работењето преку официјалната веб-страница (http://ustavensud.mk/). Информациите се објавуваат и на службениот фејсбук профил на Уставниот суд (https://www.facebook.com/ustaven.oficijalna.stranica/), а во исто време истите содржини ги добиваат повеќе од 200 новинари и медиуми во државата преку нивните мејл адреси. Седниците и јавните расправи се отворени за јавноста и секој може да присуствува.

### А. АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА УСТАВНИОТ СУД

Граѓаните можат да добијат информации од Уставниот суд на два начини, преку претходно поднесено барање/прашање и кога информациите се лесно видливи и достапни за јавноста. Проактивното објавување информации овозможува јавноста да биде навремено информирана за предметите кои се работата во Уставниот суд.

При објавувањето на информациите, Уставниот суд постапува по следните принципи:

- достапност;
- лесни за пронаоѓање/пребарување;
- кредибилност;
- јасност и разбирливост;
- редовно ажурирани;
- бесплатност.

### Б. АКТИВНОСТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА УСТАВНИОТ СУД

Уставниот суд презема повеќе активности за зајакнување на транспарентноста чијашто крајна цел е зголемување на довербата на граѓаните во Судот.

Уставниот суд во 2022 година почна со реализирање на првата програма од стратешката цел за унапредување на транспарентноста. Имено, како дел од предвиденото во програмата „анализа на состојби" советникот на Судот за односи со јавност и портпарол, Христина Беловска спроведе внатрешен прашалник на вработените во стручната служба во врска со нивните познавања, но и сугестии за подобрување на транспарентноста на Уставниот суд.

Реализирана е обука на поголем дел од вработените во службата која се однесува на зајакнување на капацитетите на одржливо ниво на транспарентност во Уставниот суд.

Советникот за односи со јавноста во 2022 година учествуваше на 4 меѓународни конференции од кои три се одржаа во Северна Македонија и една во Србија на тема „Транспарентност на судови".

Најголемиот дел од информациите кои Уставниот ги испрати до јавноста беа во форма на соопштенија, распределени во неколку категории:

**Соопштенија за новоформирани предмети**

Од почетокот на 2022 година Уставниот суд воведе пракса на редовно информирање на граѓаните за новите предмети кои се оформени по поднесување на иницијативи, барања од граѓаните или пак предмети за решавање на судир на надлежности. Целта е граѓаните да бидат известени за секој нов предмет кој се работи во Уставниот суд и на тој начин да се информираат за работењето уште од почетната фаза кога се оформува предметот, сè до завршувањето на постапката. Во овие соопштенија се споделуваат информации за наводите, оспорените одредби и подносителите. Судот во 2022 година до медиумите испрати **19 соопштенија за формирани нови 137 предмети**. Како комуникациски канали за трансфер на овие соопштенија се користат официјалниот мејл, веб-страницата и службениот фејсбук профил на Уставниот суд.

**Соопштенија за дневен ред за седница**

Уставниот суд во континуитет ја информира јавноста за предметите за кои се расправа и одлучува на седниците. Согласно Деловникот, најавите за дневниот ред се објавуваат на веб-страницата една седмица пред да се одржи седница. Со цел поквалитетно информирање на новинарите, Уставниот суд испраќа мејл за седницата до медиумите со наводи од иницијативите и барањата кои се закажани на дневен ред, еден ден пред одржувањето на седницата. Истите информации, со прилагодена содржина се објавуваат како постови на Фејсбук. Во 2022 година се одржани 42 седници што значи дека се објавени **41 соопштение со најавен дневен ред** преку три канали на информирање. Уставниот суд ја напушти праксата да објавува куси соопштенија со кои информира само за бројот на предметот и сега задолжително покрај бројот на предметот се објавуваат наводи од иницијативите или барањето, подносителите и во одредени случаи, во кои наводите не се разбирливи за јавноста, се наведува и содржината на оспорените одредби.

**Соопштенија со кои се информира за одлученото од одржаната седница**

Во текот на 2022 година Уставниот суд објавил 41 соопштение коешто го содржи исходот од седницата, односно како е одлучено за секоја точка од дневниот ред посебно.

**Соопштенија за предмети од интерес на јавноста**

Кога станува збор за конкретни предмети за кои владее поголем интерес од медиуми или организации или пак, се поактуелни во медиумите, Судот испраќа соопштенија во кои се разјаснети сите прашања поврзани со одлучувањето, фазата на водење на предметите, наводите во иницијативите, причините поради кои е одлучено во одреден предмет итн. Во текот на 2022 година се испратени **22 соопштенија за предмети од интерес на јавноста** преку мејл и дополнително соопштенијата се објавувани на веб-страницата на судот и на службениот фејсбук профил.

**Дневни соопштенија и известувања**

За тековните активности од работењето на Уставниот суд се објавуваат дневни соопштенија и известувања. Тука се вбројуваат информациите поврзани со изборот на нови судии, испратени писма до други органи, апели, учества во активности и на настани. Уставниот суд во 2022 година објавил **17 соопштенија до медиумите** преку мејл коишто дополнително се прикачени на веб-страницата на Судот.

**Соопштенија од одржани средби и посети во Судот**

Во 2022 година **Судот информирал за одржани 8 средби и посети во просториите на Уставниот суд** со претседателката Добрила Кацарска. Единствената средба која се случи на барање на Уставниот суд се одржа на 30 мај кога поканата ја прифати државниот врв, односно претседателот на државата Стево Пендаровски, претседателот на Владата Димитар Ковачевски и претседателот на Собранието Талат Џафери. На оваа средба претседателката Кацарска ги информираше присутните за алармантната состојба во која се наоѓа Уставниот суд со неизбирањето на судиите и како Судот функционира на раб на кворум со 5 од вкупно 9 предвидени судии, односно за тешкотиите во остварувањето на својата надлежност во целост.

**Соопштенија во врска со меѓународни активности**

Во текот на 2022 година, делегации на Уставниот суд учествуваа на повеќе билатерални, регионални и мултилатерални настани, а се одржаа и средби со претставници на меѓународни организации во Уставниот суд. За сите овие активности Судот ја извести јавноста преку **11 соопштенија** испратени на мејл и објавени на веб-страницата.

**Соопштенија од медиумски гостувања**

Во текот на 2022 година, претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска даде интервјуа за 5 медиуми во кои главниот фокус беше работењето на Судот, со акцент на отежнатото функционирање заради намалениот број на судии. Едно интервју се емитуваше на националната телевизија „Телма“ во емисијата „Топ тема“, две интервјуа во форма на гостувања за онлајн медиуми, конкретно во емисиите „Утрински брифинг“ и „Слободна ТВ“ кои се емитуваат на порталот „Слободен печат“ и едно пишано интервју за насловна страница на неделникот „Фокус”. По неколку поенти од секое интервју се пренесени во соопштенија.

**Прес-конференции**

Деловничка обврска на Уставниот суд е да организира најмалку две конференции за печатот годишно. По проценка на важноста на настаните во 2022 година, во Судот се одржаа 4 прес-конференции. Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска одржа две прес-конференции, а останатите две ги одржа портпаролката на Судот, Христина Беловска, непосредно по одржување на седници и по брифинзи за новинарите.

**Изјави за медиуми**

Во 2022 година четири изјави за медиуми даде претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска, а една изјава за медиуми даде портпаролката Христина Беловска.

**Барања за корекции до медиуми**

Во насока на точно информирање на граѓаните, во текот на 2022 година, **Уставниот суд се обрати до 9 медиуми и побара корекција на погрешно пренесените информации** од одлучувањето после седница во врска со предмети од интерес на јавноста.

**Брифинзи за медиуми**

Од 2022 година, брифинзите се вратени како редовна пракса во Уставниот суд и во текот на годината се одржани 22 брифинзи со физичко присуство, а речиси двојно повеќе во телефонска комуникација.

**Деманти**

Во текот на 2022 година Уставниот суд испрати само еден демант на новинарски текст во кој е пренесен став на универзитетска професорка во кој се изнесени невистинити и неточни информации кои креираат погрешна слика за работата на Уставниот суд.

**Одговори за медиумите**

Согласно податоците, просечното време на одговарање на новинарски прашања во Уставниот суд е еден час, а доколку се работи за прашања кои бараат подетална анализа и прибирање на податоци Судот одговорил за еден ден.

Направената анализа за транспарентното работење на Уставниот суд упатува на заклучок дека во текот на 2022 година, Уставниот суд, преку портпаролката, одговорил на **30 официјално поставени прашања** за различни аспекти од работата на Судот. При направената анализа се земени во предвид само прашањата кои се однесуваат на различни содржини или аспекти на една тема, но на оваа статистика не влијаат прашањата кои се исти или идентични иако се поставени од различни медиуми.

**Објави на службениот фејсбук профил**

Службениот фејсбук профил на Уставниот суд е креиран на 27 декември 2021 година и во текот на една година има 1107 следбеници (followers) и 920 допаѓања (likes) на профилот кои се природно достигнати, без рекламирање или спонзорирање на содржини (постови). За разлика од соопштенијата кои се објавуваат на веб-страницата или се праќаат преку мејл, содржините кои се објавуваат на Фејсбук се прилагодени за социјалниот медиум, со честа употреба на симболи (objects) препознатливи за дигиталните содржини (digital contents). За одржување на вестите на овој дигитален медиум е задолжена советничката за односи со јавноста, Христина Беловска. Во текот на 2022 година, објавени се 143 вести (posts) на службениот фејсбук профил. Најпопуларната објава е во врска со предметот кој опфаќа „работа во недела”.

**Табеларен приказ на објавени информации:**

| | **Соопштенија** | **Објавени** |
|---|---|---|
| 1. | Соопштенија за новооформени предмети | 19 |
| 2. | Соопштенија за дневен ред | 41 |
| 3. | Соопштенија по одржана седница | 41 |
| 4. | Соопштенија за предмети од интерес на јавноста | 22 |
| 5. | Дневни соопштенија и известувања | 17 |
| 6. | Соопштенија по одржани средби и посети во Судот | 7 |
| 7. | Соопштенија во врска со меѓународни активности | 8 |
| 8. | Соопштенија од медиумски гостувања | 5 |
| 9. | Прес-конференции | 4 |
| 10. | Изјави за медиуми | 5 |
| 11. | Барања за корекција до медиуми | 9 |
| 12. | Брифинзи | 32 |
| 13. | Деманти | 1 |
| 14. | Одговори за медиумите | 30 |
| 15. | Објави на службениот фејсбук профил | 143 |

**Табеларен приказ на дневни соопштенија и известувања:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 14.01.2022 | Соопштение за завршување на мандатот на судијата Јован Јосифовски |
| 2. | 07.02.2022 | Соопштение со писмото упатено до Талат Џафери со порака за сериозност на ситуацијата со составот на судиите |
| 3. | 21.02.2022 | Куса најава за учество на претседателката Добрила Кацарска во дебата на тема „Улогата на Уставниот суд во заштитата на правото на здрава животна средина“ |
| 4. | 22.02.2022 | Целосен говор од учество на претседателката Добрила Кацарска на настан на кој е говорник за заштита на животната средина и уставните надлежности на Судот |
| 5. | 22.02.2022 | Соопштение од говорот на судијата Осман Кадриу од настан за заштита на животна средина |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | 13.04. 2022 | Соопштение после седница дека ниту една од точките на дневен ред не доби мнозинство и алармирање за проблемот со недостаток на судиите |
| 7. | 28.06.2022 | Соопштение за учество на претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска на Охридска школа на природно право |
| 8. | 08.09.2022 | Честитка по повод 8 септември, ден на независноста на Република Северна Македонија |
| 9. | 23.09.2022 | Соопштение за пензионирање на советникот на Судот Оливера Филиповска |
| 10. | 09.10.2022 | Соопштение од поенти на интервју на претседателката Добрила Кацарска за „Слободна ТВ“ |
| 11. | 31.10.2022 | Соопштение за почеток на мандатот на новите уставни судии Татјана Васиќ- Бозаџиева и Фатмир Скендер |
| 12. | 07.11.2022 | Соопштение за денот на донесување на Уставот на Република Северна Македонија |
| 13. | 09.12.2022 | Објава на писмо до Судски совет за истекување на мандатот на судијата Вангелина Маркудова |
| 14. | 09.12.2022 | Објава на писмо до претседателот на Собранието Талат Џафери во врска со истекот на мандатот на судијата Вангелина Маркудова |
| 15. | 21.12.2022 | Соопштение за починат поранешен претседател на Уставниот суд, Гога Николовски |
| 16. | 27.12.2022 | Соопштение за пониски сметки за струја за 41% споредено со лани |
| 17. | 28.12.2022 | Целосниот говор на претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска од завршната прес-конференција |

**Табеларен приказ на соопштенија за предмети од интерес на јавноста:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 21.02.2022 | Соопштение за формиран предмет за ДУП Маврово-Ростуше со содржина дека до подносителот е упатена насока за дополнување на иницијативата |
| 2. | 21.02.2022 | Соопштение за „60 работни часа” за коридорите 8 и 10 |
| 3. | 02.03.2022 | Појаснување за предметот во кој е оспорен изборот на претседател на Собранието од 27 април 2017 година |
| 4. | 02.03.2022 | Соопштение за укинати одредби од Одлука на Општина Ѓорче Петров кои се однесуваат на поврзана со домашни миленици |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | 02.03.2022 | Појаснување за предметот за Талат Џафери |
| 6. | 04.03.2022 | Соопштение за формиран предмет за ДУП на Маврово-Ростуше |
| 7. | 23.03.2022 | Соопштение за отфрлање на иницијатива на Владимир Панчевски-23 март |
| 8. | 25.03.2022 | Посебно соопштение за формиран предмет на политичката партија Левица за двојазични униформи на полицијата |
| 9. | 29.03.2022 | Посебно соопштение за поведување на постапка во предметот кој опфаќа 60 работни часови на коридорите 8 и 10 |
| 10. | 19.04.2022 | Соопштение дека на дневен ред ќе биде ставен предметот со 60 работни часови |
| 11. | 19.04.2022 | Соопштение како најава за предметот кој опфаќа „работа во недела” |
| 12. | 20.04.2022 | Соопштение за исходот од предметот кој опфаќа „работа во недела” после седница |
| 13. | 12.07.2022 | Соопштение дека предметот кој опфаќа „во просек 60 работни часови за коридорите 8 и 10 е ставен на дневен ред |
| 14. | 13.07.2022 | Сопштение за одлука за укинување на 60 работни часови |
| 15. | 13.07.2022 | Соопштение за укинување на одлука за доделување на помош на новороденчиња во Ѓорче Петров |
| 16. | 13.09.2022 | Соопштение за „работа во недела” |
| 17. | 14.09.2022 | Дополнително соопштение за „работа во недела” |
| 18. | 10.11.2022 | Соопштение за формирани предмети за здруженијата „Иван Михајлов” и „Цар Борис III” |
| 19. | 15.11.2022 | Соопштение за точка на дневен ред за ДУП Градска четврт на Општина Центар од 2014 година |
| 20. | 16.11.2022 | Соопштение за поведена постапка за ДУП Градска четврт на Општина Центар од 2014 година |
| 21. | 24.11.2022 | Соопштение за укинување на решение на Општина Дојран со кое беше дозволено изградба на хотелски комплекс на крајбрежјето на Дојранското езеро |
| 22. | 20.12.2022 | Соопштение за поведена постапка за ДУП на општина Куманово |

**Соопштенија по одржани средби и посети во Судот:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 03.02.2022 | Соопштение за средба на претседателка на Уставниот суд Добрила Кацарска со министерот за правда Никола Тупанчески |
| 2. | 30.05.2022 | Средба на претседателката Добрила Кацарска со државниот врв во Уставниот суд по повод алармантност на ситуацијата со недостаток на судии |
| 3. | 14.07.2022 | Посета на ученици од турска невладина организација „Копру" во Уставниот суд |
| 4. | 15.07.2022 | Соопштение од средба на претседателката Добрила Кацарска и шпанскиот амбасадор во Македонија Луиз Хозе Лозано Гарсија |
| 5. | 29.09.2022 | Посета на претставници на Уставниот комитет на Сирија во Уставниот суд |
| 6. | 27.10.2022 | Соопштение од средба со претставници на Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ) во Уставниот суд со претседателката на Судот Добрила Кацарска |
| 7 | 21.11.2022 | Соопштение од средба на претседателката Добрила Кацарска со евроамбасадорот Дејвид Гир |

**Соопштенија од меѓународни активности**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 03.05.2022 | Учество на делегација на меѓународна конференција во Анкара и присуство на 60-годишнина од основањето на Уставниот суд на Република Турција |
| 2. | 18.05.2022 | Склучен Меморандум за соработка со Република Бугарија и посета на бугарска делегација во Северна Македонија |
| 3. | 25.05.2022 | Учество на претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска на онлајн Конференција на европските уставни судови |
| 4. | 22.09.2022 | Учество на делегација од Северна Македонија на регионална конференција во Белград |
| 5. | 22.09.2022 | Онлајн учество во 10 летна школа на советникот на Судот Татјана Јањиќ-Тодорова |
| 7. | 06.10.2022 | Онлајн присуство на претседателката Добрила Кацарска на Петтиот конгрес на Светската конференција за уставна правда кој се одржува во Бали, Индонезија |
| 8. | 03.11.2022 | Посета на делегација од Северна Македонија во Република Бугарија |

## 2. ПРЕГЛЕД НА НОВИНАРСКИ ИЗВЕСТУВАЊА ЗА УСТАВНИОТ СУД

Уставниот суд за овој годишен извештај направи кус преглед на новинарските известувања поврзани со одлучувањето и активностите на судиите. Согласно направената анализа, Уставниот суд бил најзастапен во речиси сите медиуми на 30 мај 2022 година кога во Судот се одржа работната средба на претседателката Добрила Кацарска со државниот врв. Сите национални телевизии ја проследија средбата со вклучувања во живо во речиси сите изданија на вестите конкретниот ден и објавуваа извештаи по средбата, по којашто претседателката на Уставниот суд одржа прес-конференција. Ден претходно, на 29 мај, повеќе од 10 медиуми известија дека ќе се одржи средба во Уставниот суд, а следните два дена медиумите известуваа дека Комисијата за избори и именувања во Собранието ќе продолжи со избор на уставни судии. Произлегоа повеќе од 140 вести поврзани со овој настан. Што се однесува до поединечни предмети, најмногу се известувало за предметот кој опфаќа „работа во недела" со повеќе од 100 вести во текот на сите фази од постапувањето на Уставниот суд.

Линкови од известувањата до медиумите:

Од соопштение за оформени предмети: https://time.mk/c/88b1d0e584/

Од соопштение за дневен ред: https://time.mk/c/d7feaed729/

Од соопштение по одржана седница:
https://time.mk/?q=%D0%BF%D0%BE%20%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82%20%D1%81%D1%83%D0%B4&search=news&order=dec&startdate=03.01.2022&enddate=28.12.2022&page=3

Од соопштение за предмети од интерес на јавноста:
https://time.mk/?q=%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD+%D1%98%D0%B0+%D1%83%D0%BA%D0%B8%D0%BD%D0%B0+%D0%BE%D0%B4%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0&search=news&startdate=03.01.2022&enddate=28.12.2022&order=dec
https://time.mk/cw/a880a662a9/ivan-mihajlov-i-car-boris-treti-pred-ustavniot-sud.html
https://time.mk/c/a3baa4173d/ustavniot-sud-povede-postapka-za-odluka-na-opstina-kumanovo-so-koja-se-ovozmozuva-gradenje-nadvor-od-centarot.html

Од дневни соопштенија и активности:
https://time.mk/?q=%D0%B7%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%B8+%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82+%D0%BD%D0%B0+%D0%BC%D0%B0%D1%80%D0%BA%D1%83%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0&search=news&startdate=03.01.2022&enddate=28.12.2022&order=dec

Соопштенија по одржани средби и посети:
https://time.mk/?q=%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82%20%D1%81%D1%83%D0%B4&search=news&order=dec&startdate=30.05.2022&enddate=31.05.2022&page=6

Соопштенија за меѓународни активности:
https://time.mk/?q=%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%B8%20%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B0%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0&search=news&order=dec&startdate=03.01.2022&enddate=28.12.2022&page=1
Соопштенија од медиумски гостувања
https://time.mk/c/3272a3cb5f/kacarska-ustavniot-sud-ne-e-moja-sopstvenost.html
https://time.mk/c/0cdc817df4/mnogu-faktori-za-zagaduvanje-na-vozduhot.html

Прес конференции:
https://time.mk/c/0cdc817df4/mnogu-faktori-za-zagaduvanje-na-vozduhot.html
https://m.facebook.com/MediumskaInformativnaAgencija/videos/%D0%B8%D0%B7%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%80%D1%82%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D1%81%D1%83%D0%B4-%D1%85%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B1%D0%B5%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B0/1779902365728274/
https://www.facebook.com/MediumskaInformativnaAgencija/videos/748953649527115/
https://time.mk/c/ba37f5bada/nedela-ostanuva-neraboten-den-ustaven-sud-ne-povede-postapka.html

Изјави:
https://www.facebook.com/MediumskaInformativnaAgencija/videos/1779902365728274/
https://time.mk/c/b5f85168f9/

Демант:
http://ustavensud.mk/?p=21683

## VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2022 година, Судот оствари меѓународна соработка, со учество на претставници од Судот на повеќе билатерални, регионални и мултилатерални настани. Истовремено, Судот продолжи да ја остварува веќе воспоставената соработка со Венецијанската комисија на Советот на Европа преку својот офицер за врски.

Поради пандемијата од вирусот КОВИД-19, повеќе меѓународни и регионални активности на Уставниот суд, особено во првата половина на 2022 година, беа ограничени и се реализираа во online формат.

Од активностите во меѓународната соработка ги издвојуваме следните:

- Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска и секретарот на Судот Александар Лазов, на 29 март учествуваа на *регионална конференција* што се одржа во Скопје, на тема „Уставните судови - чувари на животната средина“ во коорганизација на Центарот за правни истражувања и анализи, Уставниот суд на Република Северна Македонија и Македонската академија за науки и уметности. На конференцијата свое воведно обраќање имаше претседателката Кацарска, а во работата зедоа учество претседатели и судии на уставните судови од Словенија, Босна и Херцеговина, Албанија и Бугарија, академик Владо Камбовски и претставници на академската и научна јавност, како и клучни чинители кои работат во областа на владеење на правото и заштита на животната средина. Настанот е организиран во рамки на проектот „Проект за добро управување со животната средина“ спроведен од Центарот за правни истражувања и анализи.

  Конференцијата се одржа со физичко присуство и онлајн.

- Делегација на Уставниот суд на Република Северна Македонија, предводена од претседателката Добрила Кацарска, а во состав од Александар Лазов, секретар на Судот и Христина Беловска, советничка на Судот за односи со јавност во периодот 25-27 април присуствуваше на меѓународна конференција во Анкара на тема „Толкување на Уставот во заштитата на човековите права и слободи”. Конференцијата беше организирана по повод *одбележување на 60-годишниот јубилеј на Уставниот суд на Република Турција*.

  Во рамките на програмата за одбележување на јубилејот, под покровителство на претседателот на турскиот Уставен суд, Зухту Арслан, претставниците на делегации од 26 држави одржаа конференција и во Истанбул, за важноста на меѓународната соработка во уставната надлежност.

  Меѓу свеченостите по повод 60-годишниот јубилеј, делегацијата на Судот присуствуваше и на ифтарска вечера организирана од претседателот на Турција, Н.Е. Реџеп Таип Ердоган.

  На лична покана од претседателот на турскиот Уставен суд присуствуваше и поранешниот претседател на Судот, Сали Мурати.

- Од 18 до 21 мај делегација на Уставниот суд на Република Бугарија предводена од претседателката Павлина Панова престојуваше во

*официјална посета на Република Северна Македонија*. Посетата на делегацијата од Уставниот суд на Република Бугарија се реализираше на покана на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со што отпочна четвртиот циклус на билатерални средби помеѓу двата суда, чијашто цел е размена на искуства и мислења од областа на уставната правда и продолжување на долгогодишната извонредна соработка на сите нивоа.

Со желба продлабочувањето и унапредувањето на билатералната соработка да добие и соодветна правна рамка, двата уставни суда склучија Меморандум за соработка. На чинот на потпишување присуствуваше и амбасадорот на Република Бугарија во земјава, Ангел Ангелов.

По работниот состанок во Уставниот суд делегациите од двете земји беа примени на средба кај претседателот на Република Северна Македонија, Н.Е. Стево Пендаровски.

- Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска на 25 мај учествуваше на *подготвителниот состанок за XIX-от Конгрес на Конференцијата на европски уставни судови,* чиј полноправен член е и Уставниот суд на Република Северна Македонија. Состанокот беше одржан во online формат. На состанокот се разгледуваа прашања и теми поврзани со одржувањето на XIX-от Конгрес на оваа конференција кој треба да се одржи во периодот 21-24 мај 2024 година во Кишињев, Молдавија. Притоа утврдена е темата за следниот конгрес, дадени се насоки за изготвување на прашалникот, а кој се однесува на формите и границите на судиското почитување во случајот на уставните судови. На состанокот беа утврдени предлог измени на Статутот на Светската конференција на уставна правда.

- На покана од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и во соработка со Мисијата на ОБСЕ, на 6 септември претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска, секретарот на Судот Александар Лазов и советничката на Судот Христина Беловска учествуваа во работата на *Шестата регионална конференција на телата за еднаквост во Југоисточна Европа*. Конференцијата се одржа во Собранието на Република Северна Македонија.

- Во организација на Врховниот касационен суд на Србија со поддршка на проектот „Зајакнување на ефективни правни средства за спречување на кршењето на човековите права во Србија“, кој се спроведува во рамките на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа, од 15 до 16 септември претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска и Мирјана Лесевска, шеф на Кабинет и советник на Судот, учествуваа на *регионална конференција* во Белград на тема „Примена на Европската конвенција за заштита на човековите права - искуства и предизвици на судовите во Централна и Југоисточна Европа”. На настанот беше потенцирана улогата на националните судови и судиите во постапките со цел овозможување на ефективна заштита на правата од конвенцијата.

Во текот на двата дена од конференцијата, претставниците на највисоките судски инстанци на Централна и Југоисточна Европа дискутираа на пет тематски панели: „Слободата на изразување и судовите“, „Правото на непристрасен суд во кривичната постапка“, „Борбата против организираниот криминал во практиката на Европскиот суд за човекови права и домашните

судови“, „Стекнување и губење на имотни права – принципи на добра волја и добра управа“ и „Процесни права – право на пристап до судот во граѓански прашања“.

На конференцијата зедоа учество судии од Европскиот суд за човекови права и судии од уставните и врховните судови на Федерацијата Босна и Херцеговина, Република Српска, Црна Гора, Северна Македонија, Хрватска, Словенија и Србија.

- Советничката на Уставниот суд за меѓународно-правна соработка, Татјана Јањиќ-Тодорова учествуваше онлајн во работата на *10[та] Летна школа организирана* од Уставниот суд на Република Турција и Центарот за обука на Асоцијацијата на азиски уставни судови и еквивалентни интитуции, што се одржа 21-24 септември во Анкара на тема „Интерпретација на Уставот во заштитата на основните права и слободи”. Советничката на Судот, Јањиќ-Тодорова имаше свое излагање на темата на овогодинешната летна школа со посебен оврт на Европската конвенција за човекови права и нејзината примена при одлучувањето во Уставниот суд.

Меѓу учесниците на Летната школа беше и Мајлинда Исмаили, советничка на Уставниот суд на Република Северна Македонија. На Летната школа оваа година беа вклучени претставници на стручните служби од 24 уставни судови.

- Претставници на Уставниот комитет на Сирија на 29 септември го посетија Уставниот суд на Република Северна Македонија со цел да дознаат и да научат повеќе од македонскиот Устав, со посебен интерес за децентрализацијата, заштитата и условите на немнозинските заедници во општествениот живот. Студиската посета е дел од проектот „Еден Устав за сите Сирийци - поддршка на поделбата на моќта и зајакнување на правата на малцинствата” кој е финансиран од германската федерална канцеларија и Европската Унија.

Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска ги објасни улогата и надлежностите на Судот, амандманите со кои се направени крупни промени во Уставот поврзани со правата на припадниците на заедниците, особено осврнувајќи се на Амандамнот XVIII од Уставот.

Членовите од Уставен комитет на Сирија се интересираа за застапеноста на мнозинствата во Уставниот суд, начинот на кој се донесуваат одлуките во Судот, како се спроведуваат во пракса и побараа мислење од претседателката Кацарска во поглед на содржината на Уставот, нагласувајќи дека во Сирија се работи на формирање на нов Устав.

- Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска од 4 до 6 октомври учествуваше онлајн во работата на *Петтиот конгрес на Светската конференција за уставна правда* што се одржа во Бали, Индонезија. Тема на Конгресот беше „Уставна правда и мирот”. Во работата на Конгресот учествуваа 94 делегации на уставни судови/совети, врховни судови и тела со еквивалентна надлежност и таа се одвиваше во сесии каде се дискутираше за следниве прашања: а. Извори и Јурисдикција; б. Апликации до уставните судови; в. Ограничувања на улогата на Уставниот суд во одржување на мирот; г. Фундаментални принципи: заштита на човекови права, демократија и владеење на право како предуслов за мир; д. Преглед на независноста на уставните судови - членки. Конгресот заврши со усвојување на Коминике од Бали.

Имајќи ја предвид економската ситуација во Република Северна Македонија и мерките за штедење кои ги спроведува Судот, претседателката Добрила Кацарска одлучи во оваа прилика да не патува делегација на Уставниот суд поради трошоците коишто изнесуваат околу 14 илјади евра и присуството на Конгресот во Бали да се замени со онлајн учество.

- Судиите на Уставниот суд, Насер Ајдари и проф. д-р Осман Кадриу учествуваа на *свеченостите и меѓународна конференција* организирани по повод 30-годишнината на Уставниот суд на Република Албанија, што се одржаа 21-22 октомври во Тирана, Албанија.

Тема на меѓународната конференција беше „Улогата на уставните судови во новите демократии“ на која свое излагање имаше судијата д-р Осман Кадриу кој дискутираше за улогата на уставното судство во заштита на човековите права во рамки на надлежностите на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

На конференцијата учествуваа судии на уставните судови од повеќе од 15 земји во светот.

- Во период од 1 до 4 ноември, на покана од Уставниот суд на Република Бугарија, во Софија и Велинград се одржа *работна посета на стручните служби* на Уставниот суд на Република Северна Македонија и Уставниот суд на Република Бугарија.

Посетата се реализира како прва активност за зајакнување на соработката меѓу двата суда, предвидена со Меморандумот за соработка. Во рамки на посетата се организираше работна средба во Велинград на која се разменуваа искуства и знаења од двата суда на две теми: „Заштита и ограничување на основните права во време на вонредна состојба и предизвиците пред уставните јурисдикции” и „Комуникациски стратегии, политики и работни практики на уставните судови со медиумите и јавноста”.

При посетата на седиштето на Уставниот суд во Софија присуствуваше и амбасадорката на Република Северна Македонија во Бугарија, Агнеза Руси Поповска.

- На покана од федералниот министер за правда на Германија, д-р Марко Бушман, а по повод прослава на 30-годишнината на Германската фондација за меѓународна правна соработка и отварање на новите простории во Берлин, претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска, учествуваше *онлајн* на свеченостите организирани по овој повод.

*************

Во рамките на меѓународната соработка и во текот на 2022 година континуирано се оствaруваше соработката со Венецијанската комисија на Советот на Европа, преку доставување на позначајните одлуки и решенија на Уставниот суд заради нивно објавување во Билтенот на Венецијанската комисија, како и размената на информации за законодавството и уставно-судската практика со другите уставни судови во Европа и пошироко.

*************

Препознавајќи ја потребата од продлабочување на соработката со уставните судови на државите од Регионот, Уставниот суд на Република Северна Македонија и Уставниот суд на Република Бугарија излегоа со

заедничка иницијатива за создавање на Форум на уставни судови од Балканот. Целта на Форумот би била размена на најдобрата пракса, идеи и искуства при одлучувањето помеѓу судиите на судовите членки на овој форум преку организирање на конференции и семинари на теми од уставното право. Воедно, овој форум би служел и како база за соработка помеѓу стручните служби и развој на административните капацитети на судовите преку тренинг програми, компаративни студии, заеднички истражувачки проекти, публикации и слично.

Формални дописи од оваа иницијатива во текот на септември беа доставени до уставните судови во Регионот.

*************

Уставниот суд на Република Северна Македонија како активен учесник на бројни настани организирани од уставни судови и тела со еквивалентна надлежност од Европа и светот, мултилатерални организациии, институции, научни установи и организации и оваа година доби многу покани на кои, за жал поради економската криза и пандемијата и не беше во можност да учествува, и тоа:

- 1-2 април, Црна Гора, покана за прв Форум за родова рамноправност за Западен Балкан (во организација на AIRE центар);

- 31 мај - 2 јуни, Дакар, Сенегал, покана за учество на 9. Конгрес на Асоцијацијата на уставни судови и тела со еквивалентна надлежност на франкофонијата (АЦЦПУФ);

- 24 јуни, Стразбург, Република Франција, покана за Свечено отворање на судиската година на Европскиот суд за човекови права;

- 15-16 септември, Рига, Летонија, покана за меѓународна конференција по повод прслава на 30-годишнина на Уставниот суд;

- 17-22 ноември, Лакнау, Индија, покана за учество на 23. Меѓународна конференција на претседатели на судови од светот;

- 24-26 ноември, Тирана, Албанија, покана за учество на 9. Регионален форум за владеење на правото за Југоисточна Европа (во организација на AIRE центар и Civil Rigths Defenders).

## VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ - СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Уставниот суд практикува добри односи со други институции или организации и во таа насока се остваруваат работни средби на кои се дискутира за конкретни ситуации, проблеми или активности.

- Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска, на 3 февруари оствари средба со министерот за правда, д-р Никола Тупанчески. На средбата беа афирмирани заемните заложби за владеење на правото и функционален правен систем, при што беа нотирани предизвиците, но и позитивните аспекти од промените коишто произлегуваат од носењето на интерните акти во Судот. Во таа насока, претседателката на Уставниот суд изрази загриженост за функционирањето на Судот со четири судии помалку од она што е предвидено во Уставот.

Министерот Тупанчески ја афирмираше клучната улога на Судот и се заложи за идна поредовна соработка и поддршка со вложување максимални напори за зајакнување на капацитетите на оваа институција, како и формите за обезбедување на целосна функционална и финансиска независност на Уставниот суд.

- На 22 февруари претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска учествуваше во дебата на тема „Улогата на Уставниот суд во заштитата на правото на здрава животна средина“, организирана од Центарот за правни истражувања и анализи во рамки на проектот „Проект за добро управување со животна средина“. На дебатата свое излагање имаше и судијата д-р Осман Кадриу.

- Судијата Насер Ајдари и секретарот на Судот, Александар Лазов на 14-15 март остварија работна средба со претставниците на Германската фондација за меѓународна правна помош (ИРЗ), д-р Штефан Пирнер и Соња Уертани, во рамките на проектот за воведување на уставна жалба во Република Северна Македонија.

- Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска на 30 мај во просториите на Судот одржа работен состанок со претседателот на државата Стево Пендаровски, претседателот на Собранието Талат Џафери и претседателот на Владата Димитар Ковачевски. На состанокот претседателката Кацарска информираше за сериозноста и отежнатото функционирање на Уставниот суд и дека согласно надлежности и тежината на функциите што ги имаат трите највисоки државни институции очекува државата да се вложи во побрзо надминување на оваа состојба.

Претседателката на Уставниот суд алармираше дека во декември оваа година завршува мандатот на уште еден судија и ако до тогаш не се комплетира Судот, државата ќе влезе во уставна криза, како и дека проблемот со недостатокот на судиите се рефлектира и врз можноста да се спроведат големи реформи во Уставниот суд, како што е донесувањето на нов акт, бидејќи Судот сè уште работи според Деловник кој е донесен во 1992 година.

Во рамки на овој работен состанок претседателката на Судот, Добрила Кацарска го отвори и прашањето за воведување на уставна тужба,

како и прашањето за административно-финансиска независност и условите за работа во Судот.

По споделувањето на информациите од страна на претседателката на Судот, Добрила Кацарска тројцата претседатели констатираа дека моменталната ситуација е загрижувачка и дека во интерес на државата и на сите граѓани е Уставниот суд да работи во комплетен состав и согласно нивните надлежности најавија поддршка за надминување на овој проблем.

- На 28 јуни претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска учествуваше на Охридската школа на природното право организирана од Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“ МАНУ и поддржана од Амбасадата на САД. Во рамки на годинешната тема „Одржување на демократско општество преку зајакнување на неговите институции” Кацарска зборуваше за потребата од воведување на уставна тужба како нов инструмент за заштита на слободите и правата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија и тоа преку амандманска интервенција во член 110 алинеја 3 од Уставот со што ќе биде до крај остварена намерата на уставотворецот. Претседателката Добрила Кацарска порача дека ваквата уставна интервенција ќе предуслови и интервенција во постојниот акт кој го уредува начинот на работа и постапката пред Уставниот суд каде детално би се уредила целокупната постапка по поднесена уставна тужба, но и организационо, административно и техничко доекипирање на Судот пред воведувањето на уставната тужба.

- На 13 јули претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска оствари работна средба со министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити, на која беше разговарано за административно-финансиската независност на Уставниот суд и прашањата кои се поврзани со техничките услови во коишто работи Судот.

- На 15 јули претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска оствари работна средба со амбасадорот на Кралството Шпанија во Република Северна Македонија, Н.Е. Хозе Луис Лозано Гарсија, при што претседателката на Судот ја сподели визијата за унапредување на заштитата на слободите и правата на граѓаните преку воведување на уставна тужба, но ја потенцираше и проблематичната состојба со недостатокот на судии и последиците во работењето на Судот во тие околности. Амбасадорот Гарсија се заинтересира за проблемите со кои се соочува Уставниот суд, изрази интерес за поврзување на уставните судови во двете земји преку размена на искуства на судиите и службата и ја истакна можноста и волјата за развивање на соработката.

- На барање на Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ) на 27 октомври се одржа средба на претседателката на Судот, Добрила Кацарска со д-р Штефан Пирнер, регионален раководител при Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ) - „ЈИЕ 1″, Арнд Велер, сениор проектен менаџер во ИРЗ и Наташа Андреевска Томовска, локален претставник.

Претставниците на германската фондација информираа дека е подготвена студијата за воведување на уставна тужба во Република Северна Македонија, која е резултат на неколкугодишната соработка помеѓу Судот и ИРЗ и ќе даде насока за воведување на уставна тужба со која граѓаните на

Република Северна Македонија ќе имаат можност да се жалат до Судот за сите уставно загарантирани права. Во оваа прилика изразија загриженост за состојбата во која се наоѓа Уставниот суд со непополнувањето на судиските места, бидејќи се закочени важни прашања за граѓаните и за демократијата, како што е на пример воведувањето на уставната тужба.

Претседателката Добрила Кацарска на средбата информираше за сите предизвици, заостанатите предмети и проблеми со кои се соочува Судот поради испразнетите места и напомена дека ја искористила секоја можност јавно да апелира за избор на уставни судии и лично да ја пренесе сериозноста на состојбата во која се наоѓа државата поради неизбирањето на судиите.

- Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска на 21 ноември се сретна со шефот на делегацијата на Европска Унија, амбасадорот Дејвид Гир. Средбата се одржа на барање на евроамбасадорот Гир кој во име на ЕУ изрази силна поддршка и посочи дека го гледа Уставниот суд како пример, централна институција која ќе го предводи процесот на реформи во пристапните преговори.

Претседателката Добрила Кацарска го запозна амбасадорот со промените кои се случуваат во Уставниот суд во поглед на одлучувањето и праксата со предметите. Потенцираше дека се прави суштинска разлика во постапувањето на Уставниот суд, од пред неколку години и денес, бидејќи Судот сѐ почесто одлучува да поведе постапки за неуставни или незаконски одредби, за предмети коишто порано се отфрлани иако биле со очигледни неуставни елементи.

Кацарска посочи дека функционална институција ќе значи надминување на проблемите со недостатокот на судии, односно кога Судот ќе работи со полн капацитет, со што би се создала можност за решавање и одлучување по исклучително важни предмети за државата, што чекаат токму заради овој проблем. „Потоа почесто и погласно ќе зборуваме за намерата да се интервенира во Уставот и да се воведе уставна тужба“, истакна Кацарска.

Претседателката на Уставниот суд Добрила Кацарска присуствуваше на 12 настани организирани од други органи и институции.

**Присуство на настани организирани од други органи, институции и организации:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | 15.04.2022 | Царинската управа прослави 30 години од основањето |
| 2. | 06.07.2022 | Промоција на новата зграда на Управниот суд |
| 3. | 07.07.2022 | 30-годишнина од монетарната самостојност на НБРМ |
| 4. | 14.07.2022 | Обраќање на претседателката на ЕК во Собранието |
| 5. | 20.07.2022 | Прослава по повод почеток на пристапните преговори со ЕУ |
| 6. | 18.08.2022 | Одбележување на Ден на АРМ |
| 7. | 06.09.2022 | Регионална конференција за сузбивање на дискриминација |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | 08.09.2022 | Прослава по повод Ден на независност на Републиката |
| 9. | 29.11.2022 | Говор на германскиот претседател Франк Валтер Штајнмајер во Собранието |
| 10. | 19.12.2022 | Како до подобра заштита на малцинствата од дискриминација - Регионална конференција |
| 11. | 21.12.2022 | Прием по повод Ден на Турската заедница |
| 12. | 22.12.2022 | Годишно обраќање на претседателот на државата Стево Пендаровски |

***************

Уставниот суд на Република Северна Македонија е долгогодишен полноправен член на Конференцијата на европски уставни судови, Светската конференција за уставна правда, а по прекин од неколку години од март 2021 година повторно е член и на Асоцијацијата на уставни судови од франкофонијата и во оваа, 2022 година, и покрај финансиските потешкотии, ги има подмирено сите долгови за членарина во наведените институции.

## VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДОТ И СТРУЧНА СЛУЖБА

1. Покрај Програмата и распоредот за работа на Уставниот суд за 2022 година, во текот на 2022 година, за првпат беше донесен и Стратешки план на Уставниот суд на Република Северна Македонија за периодот 2022-2024 година. Во последниот документ се содржани визијата и мисијата на Уставниот суд, детално се изложени стратешките приоритети за односниот период, програмите и активностите за постигнување на стратешките цели и приоритети, роковите за реализација и носителите на активностите, финансиските средства за реализација на стратешките цели, како и следењето на реализацијата на стратешкиот план.

Во јануари 2022 година беше донесен Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Стручната служба на Уставниот суд, со кој беше предвидено формирање на две нови внатрешни организациони единици - Одделение за ИКТ и Одделение за внатрешна ревизија.

Истиот месец беше донесен и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд, со кој беа предвидени повеќе измени, во делот на бројот на работните места и прецизно дефинирање на работните задачи.

Во месец февруари 2022 година беше донесен Правилник за оценување на вработените во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија. Согласно член 1 од истиот, со овој правилник се пропишуваат критериумите, начинот и постапката за оценување на вработените во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, како и формата и содржината на образецот за месечни извештаи и образецот за оценување. Во член 2 став 1 од овој акт е определено дека оценувањето на работата на вработените во Уставниот суд на Република Северна Македонија се врши со цел унапредување на работниот процес, мерење на ефектот на вработениот и преземање мерки за подобрување на истиот, како и можност за унапредување во Службата. На крајот, согласно став 2 од овој член, оценувањето се врши на начин што се следи стручноста, квалитетот, ефикасноста и ефективноста во извршувањето на работните задачи и остварувањето на поставените работни цели.

Во декември 2022 година се донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со кој се прецизираа работните задачи кај работното место – економ.

2. Во текот на 2022 година, Уставниот суд објави два јавни огласи за вработување на неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд согласно Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и еден интерен оглас за унапредување во Стручната служба.

По спроведената постапка по првиот јавен оглас објавен на 8 октомври 2022 година, беа избрани извршители за следните работни места:

- четворица советници на Судот за стручно-аналитички работи;
- еден самостоен советник - преведувач од македонски на англиски јазик и обратно;
- еден стручен соработник за правни прашања во Одделението за поддршка на работата на секретарот
- еден административен работник за сметководство во Одделението за финансиски прашања
- двајца технички работници - хигиеничар и работник во кујна во Одделението за општи и административно-технички работи.

На вториот јавен оглас, објавен на 11 ноември 2021 година, беше избран еден извршител за работното место - самостоен советник - преведувач од македонски на албански јазик и од албански на македонски јазик.

На интерниот оглас, објавен на 9 декември 2022 година, беа унапредени тројца вработени со звање советник во звање самостоен советник.

Заклучно со 31 декември 2022 година, Стручната служба во Уставниот суд, брои вкупно 44 вработени, од кои:

- секретар на Судот
- 16 советници на Судот од кои: 11 (единаесет) советници на Судот за стручно-аналитичка работа, 2 (двајца) се советници на Судот за меѓународно-правни прашања и соработка, 1 (еден) советник на Судот – шеф на кабинетот на претседателот на Судот, 1 (еден) советник на Судот – портпарол и 1 (еден) советник на Судот за информатички технологии;
- 5 самостојни советници, од кои: 2 (двајца) за стручно-аналитички работи, 2 (двајца) преведувачи и 1 (еден) лектор.
- 4 советници од кои: 1 (еден) советник за стручно-аналитичка работа, 1 (еден) советник за протоколарни работи, 1 (еден) советник за евиденција, документација и уставно-судска практика и 1 (еден) советник за финансиски прашања и јавни набавки;
- 1 (еден) стручен соработник за правни прашања;
- 11 (единаесет) административни работници;
- 6 (шест) технички работници;

Од аспект на почитување на темелната вредност на уставниот поредок за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите институции на сите нивоа, во Уставниот суд од вкупниот број на вработени, 36 (81,8%) се Македонци и 8 (18,2%) се припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, и тоа: 5 (пет) (11,36%) Албанци, 2 (двајца) (4,54%) Турци и еден Бошњак (2,3%).

## IX. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.287/2021) за функционирање на Судот беа предвидени средства во висина од 58.495.000,00 денари (околу 951.138,00 евра), кои со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.164/2022) беа намалени и изнесуваа вкупно 58.165.000,00 денари (околу 945.772,00 евра).

Во текот на 2022 година во Судот, целосно беше опремена сервер салата на Судот со противпожарна врата и противпожарна инсталација со дојава за пожар и беше инсталиран систем за климатизација со соодветни клима-уреди со што салата ги исполнува основните барања за заштита на ваков вид на простории. По однос на хардверската опрема во сервер салата, беа набавени два нови сервери и УПС уред со што Судот се здоби со одлични услови за работа во овој дел кои се значаен исчекор, ако се има предвид дека во овој дел опремата беше постара од десет години и технички застарена.

Покрај тоа, беше набавена и инсталирана целосно нова телефонска централа која овозможува поголем број на корисници да бидат дел од внатрешната мрежа.

Согласно законските одредби кои се однесуваат на работата со класифицирани податоци, беа извршени градежни работи за адаптација на посебна просторија за ваков вид на податоци. Просторијата беше опремена со посебна врата предвидена за ваков вид простории, беше инсталиран систем за контрола за пристап и алармен систем и камера. Исто така, беше набавен сеф за чување на класифицираните податоци кој е поставен во оваа просторија.

Врз основа на барањето на Министерството за внатрешни работи за зголемување на безбедноста на објектот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, беше набавена и инсталирана метал-детектор врата на влезот во Судот.

Во делот на исполнувањето на стандардите за противпожарна заштита, беа набавени дополнителни 16 ПП апарати.

Поради неопходност од уреди за работа на вработените беа набавени пет персонални десктоп компјутери и четири нови принтери.

**Уставен суд на Република Северна Македонија**

**кеј „Димитар Влахов“ бр.19**

**1000 Скопје**

**тел.  +389 2 3163 063, претседател**

**тел. + 389 2 3165 153, секретар**

**факс +389 2 3119 355**

**е-пошта:** mail@ustavensud.mk

**Интернет страна на Судот:** www.ustavensud.mk

**Редакција:**

Добрила Кацарска, претседател

Насер Ајдари, судија

м-р Татјана Васиќ Бозаџиева, судија

д-р Осман Кадриу, судија

д-р Дарко Костадиновски, судија

м-р Фатмир Скендер, судија

Александар Лазов, секретар

Христина Беловска, советник на Судот за односи со јавноста - портпарол

**Стручна подготовка и статистичка обработка на податоци:**

Христина Беловска, советник на Судот за односи со јавноста - портпарол

м-р Лариса Милевска, советник

Јаготка Гијовска, административен работник